Република Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

Мито Хаџивасилев Јасмин
б.б, 1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3216 134
Факс: (02) 3216 134
Е-пошта: јт:
тоwww.mls.gov.mk

Бр. 18 - 18834
16.10.2018 година

ДО

ЗДРУЖЕНИЕ ИНСТИТУТ ЗА РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦАТА
Маршал Тито 106
ТЕТОВО

ПРЕДМЕТ: Известување по Предлог иницијатива за Годишна програма за работа на Владата на Република Македонија за 2019 година

ВРСКА: Ваш број 06/-15 од 08.09.2018 година

Почитувани,

Ве известуваме дека Министерството за локална самоуправа со внимание ги разгледа предлозите дадени во Иницијативата за измена на членовите 41 и 55 од Законот за локална самоуправа, доставена до Одделението за соработка со невладини организации во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и начелно дава позитивно мислење по однос на потребата од одредено допрецизирање на одредбите од Законот кои се однесуваат на комисиите за односи на заедниците кои се формираат во општината во која најмалку 20% од вкупниот број на жители се припадници на одредена заедница.

Министерството во рамките на своите надлежности за следење на примената на Законот за локална самоуправа, отпочна со активности за оценка на спроведување на Законот за локална самоуправа утврдени во Стратешкиот план 2018-2020 година.

Во рамките на овие активности ќе се анализира и примената на цитираните одредби при што ќе се имаат во предвид и направените анализи од Ваша страна дадени во прилог на Иницијативата.

Република Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

Имајќи ја во предвид утврдената динамика на активностите за оценка на спроведувањето на Законот и подготовката на Извештајот за направената оценка, доставената иницијатива не би можела да биде дел од Програмата за работа на на Владата на Република Македонија за 2019 година.

Со почит,

МИНИСТЕР

Suhejl Fazliu

Подготвил: државен советник, Пламен Георгиевски
15.10.2018 год.______________________________

Одобрил: државен секретар, Кирил Парталов
15.10.. 2018 год. ______________________________